Центар за развој на медиумите на заедниците "МЕДИУМ
Qendra për Zhvillimin e Mediave të Bashkësive "MEDIUM"
Center for Media Community development "MEDIUM"

Референтен број: 0503-278

## ОПИС НА НАДЛЕЖНОСТИ

## ПРОЕКТНА ЗАДАЧА (ToR)

## АНГАЖИРАЊЕ НА НАДВОРЕШЕН ЕВАЛУАТОР ЗА ОЦЕНКА НА ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТИ

### 1. ВОВЕД

Проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство" се спроведува во рамки на IPA 2020 EU FOR RULE OF LAW - EU support for Enhancing Journalists Rights", а е финансиран од Европска Комисија.

**Општата цел** на проектот е зајакнување на капацитетите и промовирање на професионалните стандарди на новинарите од локалните медиуми.

**Резултати на проектот:**

**Р1:** Зајакнување на капацитетите на локалните новинари, посебно претставниците на етничките малцинства за практикување на истражувачко новинарство, дигитална и медиумска писменост, како и стандардите на човековите права во нивната работа;

**Р2:** Зајакнување на капацитетите на студентите по новинарство за професионален развој и креативно медиумско изразување преку практикантска работа;

**Р3:** Зајакнување на влијанието и соработката помеѓу локалните граѓански организации и локалните медиуми за промоција на новинарските права, поттикнување на борбата против сите форми на насилство врз новинарите, промоција на професионалните стандарди и слободата на говорот.

**Целна група:** Локални медиуми од проектните општини, сопственици, уредници, новинари и медиумски работници, граѓански организации и студенти по новинарство. Проектниот фокус опфаќа географска покриеност на западниот регион на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги општините Гостивар, Тетово, Куманово, Шуто Оризари, Дебар, Кичево, Струга и Охрид.

## 2. РАМКА НА ЗАДАЧАТА

### 2.1. Цел на задачата:

Задачата на ангажираниот евалуатор ќе се состои од разгледување, селекција и оценување на пристигнатите предлог-проекти од страна на граѓански организации согласно активниот Повик за предлог-проекти во рамките на проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство“ и ќе се врши врз основа на однапред воспоставени критериуми за избор кои се дел од овој повик.

### 2.2. Активности за исполнување на задачите:

Од надворешното лице ангажирано како евалуатор се очекува:

- разгледување на вкупните апликации пристигнати по повикот за аплицирање;
- оценување на апликациите;
- одобрување на успешни апликации/одобрување на проекти за финансирање.

### 2.3. Специфични активности

Изборот на граѓанските организации на кои ќе им биде доделен грант ќе се одвива во две фази и тоа:

#### 2.3.1. Оценување на апликациите според основните административни барања (административна проверка)

- Образецот е соодветно пополнет и со придружната документација е доставен во рок и на начин предвиден со Повикот;
- Временска рамка и висината на буџетот соодветствуваат со барањата од Повикот;
- Организацијата ги исполнува условите за аплицирање на повикот.

Предност за финансирање ќе им се даде на предлог проектите кои се однесуваат на зајакнување на капацитетите и промовирање на професионалните стандарди на новинарите од локалните медиуми. Предност ќе имаат и оние ГО кои остваруваат активности за заштита и унапредување на правата на новинарите, работните односи, медиумската етика, пристап до информации, медиумска писменост и слично.

#### 2.3.2. Оценување на предлог проектите (квалитативна проверка)

Предлог проектите ќе се оценуваат согласно следнава табела за бодување:

| Критериуми | Опис | Бодови |
|---|---|---|
| Предлог проект | Акцијата предвидува креативен и рационален технички пристап кој придонесува кон остварување на целите и приоритетите на повикот, таа придонесува кон општата цел на проектот и ја унапредува состојбата на локалните медиуми и новинари | 50 |
| Предлог буџет | Вредност за пари, број на активности, ефективна временска рамка | 30 |
| Капацитет на ГО | Досегашни достигнувања и влијание во заедницата преку постигнување на промени согледани преку реализирани проекти | 20 |
| **Вкупно** | | **100** |

За евалуаторот ангажиран за оценка на предлог-проектите ќе бидат обезбедени и споделени пакет на Документи за евалуација на апликантите. Избраниот евалуатор ќе биде дел од тричлената Комисија за евалуација, составена од номинирани членови на здружението Центар за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ и партнерската организација Институт за човекови права.

## 3. ВРЕМЕНСКА РАМКА

### 3.1. Датум на започнување и период на спроведување на специфичните активности

- Планиран период за ангажман на надворешно лице за оценување на предлог-проекти согласно активниот Повик за предлог проекти, во рамките на проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство" е вкупно 8 дена, по завршување на отворениот повик, односно во периодот од 17ти до 27ми јуни:
- три дена за административна проверка на пристигнатите апликации;
- пет дена за квалитативна проверка на пристигнатите апликации (оценување на предлог проектите).

**3.2. Цена**

Вкупните планирани финансиски средства за ангажман на надворешно лице за оценување на предлог-проекти според финансискиот план изнесуваат 1.200 евра во денарска противвредност (1 евалуатор x 8 дена ангажман x 150 ЕУР дневно = 1.200 ЕУР).

Трошоците паѓаат на сметка на проектот **„**Заедно за поквалитетно локално новинарство**“**.

**3.3. Начин на плаќање**

Плаќањето ќе биде извршено по реализација евалуаторскиот процес за оценка на предлог-проектите и избор на проекти за финансирање, како и по доставување на временска рамка за извршување на задачите.

**4. УСЛОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Право за пријавување и аплицирање на овој повик имаат физички лица кои работат на теми поврзани со развој на локалното новинарство и подобрување на капацитетите на новинарите во одредени ранливи области.

Заинтересираните кандидати треба да имаат солидно познавање и професионално искуство во следните области:

- ✓ Најмалку 5 години релевантно работно искуство како новинар или во една или повеќе области поврзани со тематските приоритети на повикот:
  - ЗАШТИТА (развој на поволна средина за заштита и остварување на правата на новинарите и подобрување на медиумското известување во согласност со професионалните и етичките новинарски стандарди);
  - ПРОМОЦИЈА (промовирање независно и истражувачко новинарство преку заштита на правото на слобода на изразување);
  - ЗАСТАПУВАЊЕ (застапување за подобри работни услови и промовирање на закони, стандарди и практики кои ја штитат слободата на изразување);
  - ПРЕПОЗНАВАЊЕ (справување со дезинформации, пропаганда и говор на омраза, промовирање на медиумска писменост и родова еднаквост).

- ✓ Најмалку 3 години работно искуство во управување, надзор или дизајнирање на програми и/или проекти;

- ✓ Претходно искуство во оценување на предлог-проекти на програми и проекти финансирани од ЕУ или други донатори во земјите од Западен Балкан и поврзаните повици за предлози ќе се сметаат за предност.

**5. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Начинот на кој можете да се пријавите детално е опишан во документот „Барање за прибирање на понуди“, кој е составен дел од тендерската документација.